CL-2341/5
25.12.18

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Сл.весник на Р.М" бр. 7/16), член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.Весник на Р.М" бр. 63/17 и 172/18), член 19 од Законот за јавни претпријатие, Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година под бр. УП1.бр. 08-126/18 од 28.11.2018 година и член 19 од Статутот на ЈП „Комуна" Крушево , Управниот Одбор на ЈП „Комуна" Крушево на одржаната седница на 25.12.2018 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година донесена врз основа на Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година под бр. УП1 бр. 08-126/18 од 28.11.2018 година и тоа:

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – Крушево, с. Врбоец, с. Св. Митрани, с. Пресил и с. Бучин за 2019 година да изнесува 28,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – с.Алданци, с. Норово, с. Саждево, и с. Борино за 2019 година да изнесува 20,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за викенд куќи за 2019 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за правни лица за 2019 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – Крушево, с. Врбоец, с. Св. Митрани, с. Пресил и с. Бучин за 2020 година да изнесува 28,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – с.Алданци, с. Норово, с. Саждево, с. Борино за 2020 година да изнесува 21,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за викенд куќи за 2020 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,
- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за правни лица за 2020 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,
- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – Крушево, с. Врбоец, с. Св. Митрани, с. Пресил и с. Бучин за 2021 година да изнесува 29,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,
- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица – с.Алданци, с. Норово, с. Саждево, с. Борино за 2021 година да изнесува 22,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,
- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за викенд куќи за 2021 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,
- утврдена тарифа - цена за водата за пиење за правни лица за 2021 година да изнесува 50,00 денари/м$^3$ на овие цени ќе се пресметува + ДДВ,

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од Советот на Општина Крушево односно објавувањето во службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применуваат од 01.01.2019 година за 2019 година, 01.01.2020 година за 2020 година, од 01.01.2021 година за 2021 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈП „Комуна" Крушево согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга, Методологијата за определување на тарифите за водни услуги и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2019-2021 година бр. 03-181/1 од 27.09.2018 година

Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година под бр. УП1.бр. 08-126/18 од 28.11.2018 година

Крушево, 25.12.2018 година

УО на ЈП „Комуна" Крушево
Претседател,

Пецо Стеваноски

Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНА Крушево
Ndërmarrja publike për veprimtari komunale KOMUNA Krusheve

| ПРИМЕНО: 21.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг ед | Број | Прилог | Вред |
| 01 | 139/3 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Бр. 08-670/7
17.06.2021 година
КРУШЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), член 13 став 12 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Сл.весник на Р.М."бр.7/2016) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.06.2021 година, го донесе следниот:

0402 ПРАЗНО 21.06. 21 10-05

# З А К Л У Ч О К

***за давање Согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година***

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водоснабдување на ЈП „Комуна" Крушево за регулиран период 2019-2021 година, бр.02-133/4 од 01.06.2021 година, донесена од Управниот одбор на ЈП "Комуна" Крушево.

2. Одредбиѓе од одлуката наведена во точка 1 од Заклучокот ќе се применуваат со влегувањето во сила на овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

*Совет на Општина Крушево*
*Претседател,*
*Тома Петроски*

Т. Петроски